**З А П И С Н И К**
**од 36-та седница на Совет на Општина Демир Хисар**
**одржана на 23.05.2024 година**

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12 часот.
На седницата присутни беа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска и Сандра Пејковска.
Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска и Загорка Милошевска. На седницата присутен беше директорот на ЈП Дехи Транс Александар Чорбевски.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 35 та седница на Совет на општина Демир Хисар
По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 11 „за".

На седницата се расправаше по следниот
Дневен ред
1. Усвојување на Финансиски извештај за ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар за период од 01.01.2024 до 31.03.2024 година.
2. Усвојување на Извешта за спроведување на оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за сезона 2023/2024 година.
3. Информација за статусот на недвиниот имот сопственост на општина Демир Хисар.
4. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. Советничката Сандра Пејковска предложи точките 1. Донесување на Решение за разрешување и именување на членови во УО на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар и 2. Донесување на Решение за разрешување и именување на член во Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар да се одложат, бидејќи не се завршени изборите. По предлогот немаше забелешки Со 11 „за" беше усвоен предлогот. Други предлози немаше. Едногласно беше усвоен Дневниот ред со измените.

***ТОЧКА 1. Усвојување на Финансиски извештај за ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар за период од 01.01.2024 до 31.03.2024 година***

Финансискиот извештај за ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар за период од 01.01.2024 до 31.03.2024 година беше усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. За извештајот објаснување имаше директорот Александар Чорбевски. Дискусија немаше. Со 11 „за" беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 2. Усвојување на Извештај за спроведување на оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за сезона 2023/2024 година***

Извештајот за спроведување на оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за сезона 2023/2024 година беше усвоен од Комисијата за јавни и комунални дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски, при тоа нагласи на седницата на комисијата немаше присутен претставник. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски во својата дискусија образложи во прилог на извештајот има табеларен преглед кога и каде е вршено чистење на снег и исто во прилог има финансиски извештај колку средства се платени, но незнаеме колку средства биле планирани, нема присутен претставник да образложи или да даде објаснување на некој забелешки. Советникот Валентин Несторoски се согласи треба да има присутен

претставник да ни даде објаснување. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи точката да се одложи за наредна седница да има присутен претставник од општинската администрација и од ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар. Советниците едногласно го прифатија предлогот.

***ТОЧКА 3. Информација за статусот на недвиниот имот сопственост на општина Демир Хисар***

За Информацијата за статусот на недвиниот имот сопственост на општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Загорка Милошевска. Во врска со информацијата Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни оваа точка е на негова иницијатива, бидејќи има заинтересирани лица за користење на објекти сопственот на општината, а од друга страна има лица кои имаат склучено договор со општината за користење на тие објекти и не го плаќаат договорениот износ. Затоа предложи да се донесе заклучок кој не плаќа да не може да го користи објектот, општината да распиши оглас да ги даде на користење на други заинтересирани лица, а за долгот да се тужат тие што не плаќале не се за потценување овие средства. Советникот Валентин Несторовски додаде од табеларниот преглед може да се види единствено немаат долг само тие што не се задолжени за плаќање. Потоа праша зошто во табеларниот преглед во Загориче има само еден објект таму се два објекти. Исто така додаде има реакции, некој се заинтересирани неможат да користат објекти, а од друга страна има лица кои користат објекти, а не палќаат. Советничката Сандра Пејковска објасни корисниците ако должат повеќе од три години, долгот застарува. Треба да се наплати во рок, а ако е застарено делото треба да се започне постапка за отпишување на долгот. Потоа праша зошто не се водени постапки за наплата. Советникот Јордан Кромидаровски забележа во Смилево едниот простор за кој има закуп Кипровска Анета не работи, а додека другиот простор Васко Босилковски вели дека поднесол барање да се раскине договорот. Претставникот Загорка Милошевска објасни во Загориче едниот објект е отуѓен, само едниот е сопственост на општината. Што се однесува до постапките за наплата тоа е поради смената на градоначалниците и нивните постапки. Требало да се постапува, сега сите знаат дека застарува делото и неможе да се наплатат долговите додаде советничката Сандра Пејковска, а потоа предложи да се донесе заклучок да му се пратат опомени пред тужба онаму каде има основ. Во насока на предлогот претседателот Љупчо Најдовски додаде исто да се напомени да се известат дека немаат право да го користат повеќе објектот, да се распише оглас и исто така да немаат право да конкурираат на огласот. Или ако нема други заинтересирани да ги подмират долговите после нов договор да се склучи. Претставникот Загорка Милошевска објасни цените по кои се склучени договорите се донесени со одлука на совет, но согласно закон ако се распишува оглас по електронски пат треба да се направи и нова проценка, а согласно методологијата цените ќе бидат повисоки. Советничката Сандра Пејковска објасни тоа е закон и треба да се почитува, но може општината да ја субвенционира разликата од сегашната цена до новата цена која ќе се добие. Да донесиме таква одлука, ако може книговодствено да се изведе. Ако се објави оглас никој нема да се јави додаде советникот Валентин Несторoски. Советничката Марина Димитријовска праша на тие што му се истечени договорите неможи само да се продолжат. Претставникот Загорка Милошевска објасни мора да се спроведе постапка, некој сакаат да го купат објектот, но ако нема Урбанистички план неможе ништо да се направи. Советникот Валентин Несторoски предложи да се опоменат ако не се плати да му се раскинат договорите и да немаат право да конкурираат на огласот, и во иднина сериозно да работиме како што треба, ако не вака ќе си врви. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски се согласи и двата предлози од советниците Сандра Пејковска и Валентин Несторовски се добри да се донесе заклучок да се доставaт опомени пред тужба за тие што имаат обврски, доколку не ги подмират обврските да се раскинат договорите и да немаат право повторно да конкурираат на објавените огласи. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на информацијата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 4. Предлози и прашања***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги информира советниците има две барања до советот и тоа

***Барање од МЗ Базерник***

МЗ Базерник бара да се одобри мешина за чистење на шумскиот пат до црквичето.

Советниците едногласно одлучија да се излезе во пресрет.

**Библиотека АЛ-БИ с.Бабино**

Библиотеката АЛ-БИ с.Бабино одбележува 20 години од постоењето, за таа цел се планира заедно со МАНУ и Македонската филхармонија да се организира културно уметничка програма, за што се потребни финансиски средства за да се организира овај настан. Советниците се согласија во рамките на можностите општината да му одобри средства.

Советникот Аце Јанкуловски предложи да се направи средба на ниво на координатори на советнички групи и да се најде решение за барањата за еднократна парична помош. Сите сме свесни дека многу средства се трошат по овај основ, да се насочат овие средства онаму каде навистина се потребни. На таквите случаеви да се плаќаат и повеќе средства. Претседателот на советот Љупчо Најдовски се согласи и предходно се разговараше за оваа проблематика овие средства да се насочат како помош при тешки заболувања и да се даваат по повеќе средства. Советничката Марина Димитријовска се согласи да се разгледа ова. Да се смени правилникот. Советниците едногласно одлучија да се направи средба кај градоначалникот и од советот претставнвици претседателот на совет Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски и Марина Димитријовска. Дискусија повеќе немаше.

Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 497/2
23.05. 2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски